**20121413406**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2012 година.

Бр. 07- 4702/1
6 ноември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ**

Член 1

Во Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" број 62/2004, 89/2008, 115/10 и 53/11), во членот 4 став 2 зборовите: "мал обем" се бришат.

Член 2

Во членот 19 став 1 по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

"3) национален ресторан - меана;".

Точките 3 и 4 станува точки 4 и 5.

По ставот 2 се додаваат шест нови става 3, 4, 5, 6, 7 и 8, кои гласат:

"За угостителскиот објект за исхрана од членот 19 став 1 точка 3 од овој закон, по задолжителната категоризација се издава и посебна ознака.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата и содржината на образецот на ознаката од ставот 3 на овој член.

За да може да ја добие ознаката од ставот 3 на овој член, угостителскиот објект треба да ги исполни следниве критериуми:

1) понудата на храна во листите за јадење треба да биде во соодност од најмалку 70% домашни традиционални јадења споредбено со интернационалните јадења, додека понудата на вино и други пијалаци треба да биде во соодност од најмалку 80% домашни вина и други пијалаци споредбено со интернационални вина и други пијалаци;

3) при надворешното и внатрешното уредување на угостителскиот објект да се употребуваат природни материјали, како и мотиви од домашната традиционална култура, народни инструменти, носии, покуќнина - садови и слично;

4) облеката на персоналот треба да има апликации и мотиви од традицијата и

5) музиката која ќе се изведува во угостителскиот објект треба да биде изворна со акустичен звук.

За добивање на ознаката од ставот 3 на овој член угостителот поднесува барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката од ставот 3 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.“

Член 3

Во членот 27 став 1 зборовите: “и камп“ се заменуваат со зборовите: “планинарски домови и куќи“, а по зборот “ресторан“ се додаваат зборовите: “и национален ресторан - меана“.

Член 4

Во членот 35 став 1 по точката 12 се додава нова точка 13, која гласи:

“13) на видно место во угостителскиот објект да ја истакне обврската за ангажирање домашен туристички водич при организиран престој на странски туристи, согласно со одредбите од Законот за туристичката дејност;“.

Точките 13 и 14 стануваат точки 14 и 15.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Начинот на утврдување на возраста од ставот 1 точка 3 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.“

Член 5

Во членот 40 став 1 алинејата 2 се брише.

Член 6

Членовите 42, 43, 44 и 45 се бришат.

Член 7

Во членот 46 став 1 точка 1 точката и запирката се заменуваат со сврзникот “и“.

Точката 2 се брише.

Точката 3 станува точка 2.

Член 8

Во членот 47 по ставот 2 се додаваат шест нови става 3, 4, 5, 6, 7 и 8, кои гласат:

“За куќите, становите и собите за издавање на туристи од страна на физичките лица во селските домаќинства во руралните средини, по задолжителната категоризација, се издава и посебна ознака.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата и содржината на образецот на ознаката од ставот 3 на овој член.

За да може да се добие ознаката од ставот 3 на овој член куќите, становите и собите за издавање на туристи од страна на физичките лица во селските домаќинства во руралните средини треба да ги исполнат следниве критериуми:

1) при надворешното и внатрешното уредување на угостителскиот објект да се употребуваат природни материјали, како и мотиви од традиционалната култура, народни инструменти, носии, покуќнина - садови и слично и

2) топлите и ладни јадења, пијалаци и напитоци кои се послужуваат да бидат домашни и еколошки произведени.

За добивање на ознаката од ставот 3 на овој член угостителот поднесува барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, или до правното лице кое е овластено за издавање на ознаката од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството,

За да биде овластено правното лице од ставот 6 на овој член треба да врши дејност од областа на угостителството и туризмот најмалку три години и да има вработено најмалку четири лица со високо образование од областа на туризмот и угостителството, економијата и менаџментот.

Начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката од ставот 3 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството."

Член 9

Во членот 59 став 1 по бројот "67-а" запирката се заменува со сврзникот "и", а зборовите: "и членот 69 став 1 точка 6" се бришат.

Член 10

Во членот 60 став 1 точката 6 се брише.

Точките 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат точки 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

Точката 15 се брише.

Точките 16, 17 и 18 стануваат точки 14, 15 и 16.

Член 11

Во членот 68 став 1 по точката 2 се додаваат две нови точки 3 и 4, кои гласат:

"3) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

4) постапува спротивно на должностите предвидени во членот 34;".

Точките 3,4 и 5 стануваат точки 5, 6 и 7.

Точката 6 која станува точка 8 се менува и гласи:

"8) истакнува, огласува и рекламира услуги на угостителски објекти спротивно на решението за извршената категоризација (член 32 став 2);".

Точките 7, 8, 9 и 10 стануваат точки 9, 10, 11 и 12.

Точките 11 и 12 се бришат.

Член 12

Во членот 69 став 1 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

"5) не ги достави нормативите за храна на заверка на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје и угостителските услуги не ги дава во соодветна количина и квалитет според утврдените нормативи (член 35 став 1 точка 9);".

Точката 5 станува точка 6.

Точките 6, 7 и 8 се бришат.

Точките 9, 10 и 11 стануваат точки 7, 8 и 9.
Точката 12 се брише.
Точките 13, 14 и 15 стануваат точки 10, 11 и 12.

Член 13

По членот 69 се додава нов член 69-а, кој гласи:

“Член 69-а

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако на видно место во угостителскиот објект не ја истакне обврската за ангажирање домашен туристички водич при организиран престој на странски туристи, на начин утврден во Законот за туристичката дејност (член 35 став 1 точка 13).

Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 600 до 900 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговецот поединец за дејствието од ставот 1 на овој член.

За прекршокот утврден во овој член државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување, пред да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежниот суд.“

Член 14

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за угостителската дејност.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.